# РАКОМЕТНА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# ПРОПОЗИЦИИ
# ЗА КУП НАТПРЕВАРИ ВО МАШКА КОНКУРЕНЦИЈА

НАТПРЕВАРУВАЧКА СЕЗОНА 2025/2026

Врз основа на член 34 од Статутот на Ракометна Федерација на Македонија Натпреварувачката комисија согласно член 2 од Пропозициите за супер машка лига, прва машка лига и женска лига за натпреварувачка сезона 2025/2026, ги донесе следните:

## ПРОПОЗИЦИИ ЗА КУП НАТПРЕВАРИ

### Член 1

Ракометниот Куп на Македонија е традиционално натпреварување во ракомет, во кој задолжително учествуваат сите ракометни клубови во Македонија кои се натпреваруваат во супер машка ракометна лига, женска ракометна лига и прва машка ракометна лига, согласно член 2 од Пропозициите од истите лиги за натпреварувачка сезона 2025/2026 година.

Екипите кои се надвор од системот на натпреварување во сезона 2025/2026 година, можат да пријават учество во Куп натпреварувањето само доколку поседуваат Решение за вршење дејност спорт издадено од Агенција за млади и спорт.

### Член 2

Екипите кои учествуваат во Куп во натпреварувачка сезона 2025/2026 година се рангирани според пласманот од сезона 2024/2025 година:

1. РК Еурофарм Пелистер
2. РК Вардар 1961
3. РК Алкалоид Ракомет
4. ГРК Охрид
5. ГРК Тиквеш 2014
6. РК Бутел Скопје
7. РК Пролет 62
8. РК Прилеп
9. МРК Куманово
10. РК Радовиш
11. РК Струга
12. РК Еурофарм Пелистер 2
13. РК Мулти Есенс
14. РК Македонија Ѓорче Петров
15. РК Младост 1977
16. РК Драчево
17. РК Вардар Неготино
18. ГРК Овче Поле 1958
19. РК Јехона

20. РК Партизан 2016 Спорт
21. РК Шампион
22. РК Текстилец УГД
23. РК Аеродром
24. ГРК Преспа 2015
25. РК Кичево 2020

**Член 3**

Во Куп натпреварувањето во машка конкуренција учествуваат вкупно 25 екипи: 12 екипи од супер машка лига и 13 екипи од прва машка лига.

Ракометните клубови рангирани 1-7 место – Супер машка лига учествуваат директно во групна фаза.

Извлекувањето за елиминационото коло ќе се изведе на следниот начин:

Во првиот сад ќе бидат ставени екипите рангирани од 8-11 место од Супер машка лига согласно пласманот во сезона 2024/2025 и од 1-5 место согласно пласманот во Прва Машка Лига за сезона 2024/2025 година.

Во вториот сад ќе бидат ставени сите останати екипи кои се натпреварувале во првата машка лига во сезона 2024/2025.

Помеѓу сад 1 и сад 2 каде што ќе бидат сместени имињата на екипите ќе биде сместен сад 3 каде што ќе има сместено два броја 1 и 2 (имињата на екипите и бројките ќе бидат ставени во топчиња). Прво се влече екипа од првиот сад, потоа бројка од садот во средина а потоа екипа од вториот сад и така се добива првиот пар.

Екипата со помала извлечена бројка ќе биде домаќин на натпреварот. Истата постапка се применува за сите 9 парови за елиминационото коло.

Победниците од елиминационите натпревари ќе се пласираат во групната фаза.

Сад 1:

- РК Прилеп
- МРК Куманово
- РК Радовиш
- РК Струга
- РК Еурофарм Пелистер 2
- РК Мулти Есенс
- РК Македонија Ѓорче Петров
- РК Младост 1977
- РК Драчево

Сад 2:

- РК Вардар Неготино
- ГРК Овче Поле 1958
- РК Јехона
- РК Партизан 2016 Спорт
- РК Шампион
- РК Текстилец УГД
- РК Аеродром
- ГРК Преспа 2015
- РК Кичево 2020

**Редоследот на екипи победници во елиминационото коло се прави согласно пласманот од сезона 2024/2025 година**.

Групната фаза ќе се игра во 4 групи со по 4 екипи. Групите ќе бидат формирани со извлекување на следниот начин:

Во **првиот сад** (носители) ќе бидат екипите рангирани 1-4 место согласно пласманот во сезона 2024/2025.

Во **вториот сад** ќе бидат екипите рангирани од 5-7 место согласно пласманот во сезона 2024/2025 и најдоброрангираната екипа согласно пласманот во сезона 2024/2025 од 9 екипи победници во елиминационото коло.

Во **третиот сад** ќе бидат екипите рангирани 9-12 место согласно пласманот во сезона 2024/25 и екипи кои се натпреварувале во Прва машка лига согласно пласманот во сезона 2024/2025.

Во **четвртиот сад** ќе бидат екипите кои се натпреварувале во Прва машка лига согласно пласманот во сезона 2024/2025.

Во **петтиот сад** ќе бидат ставени бројки од 1 до 4.

Во **шестиот сад** ќе бидат ставени бројки од 1 до 4.

Формирањето на групите се врши на следниот начин:

Од **првиот сад** (носители) се извлекува екипа, потоа од **петтиот сад** за истата екипа се извлекува број во која група ќе биде екипата а потоа од **шестиот сад** се извлекува натпреварувачка бројка (за формирање полуфинални двојки согласно бергеров систем 1/4 и 2/3). Истата постапката се повторува и за останатите 3 екипи. Оваа постапка се применува и за останатите 3 сада редоследно.

Во случај да се пријави организатор на група тогаш полуфиналните натпревари се играат во ист ден претпладне а финалниот натпревар попладне.

Организаторот го задржува правото за промена на распоредот на натпреварите.

Во групите каде што нема организатор, полуфиналните двојки играат еден натпревар (домаќин е екипата со помал број) а во наредниот ден играат победниците од двете полуфинални двојки, домаќин е екипата со помал број).

Победниците од полуфиналните натпревари ќе играат во финалето – групна фаза.

Победниците на групите ќе играат на Ф4 турнирот.

Организатор на Ф4 турнирот е Ракометна Федерација на Македонија.

Извлекувањето на полуфиналните двојки ќе изведе на следниот начин: Во сад 1 ќе се стават 4 екипи победници во групна фаза а во сад 2 ќе се стават бројки од 1 до 4. Прво ќе се влече од сад 1 екипа а потоа од сад 2 бројка и согласно Бергер систем (1 / 4 и 2 / 3) ќе се добијат полуфинални парови. Победниците на полуфиналните натпревари ќе играат финале на КУП на Македонија. Финалниот турнир ќе се игра во 3 дена.

**Член 4**

Во Куп натпреварувањето во женска конкуренција учествуваат вкупно 14 екипи: 7 екипи од супер женска лига и 7 екипи од прва женска лига.

Во Куп натпреварувањето во женска конкуренција ракометените клубови прво ќе настапат во елиминациите во кои Ѓорче Петров ЖРК и ЖРК Чаир Скопје (согласно пласманот во сезона 2024/25) ќе бидат слободни, односно ќе се пласираат во следната фаза.

Во елиминациите ќе учестуваат 12 екипи и извлекувањето за елиминационото коло ќе се изведе на следниот начин:

Во првиот сад ќе бидат ставени екипите рангирани од 4-6 место од Супер женска лига Плеј оф согласно пласманот во сезона 2024/2025 и од 1-3 место согласно пласманот во Супер женска лига Плеј аут за сезона 2024/2025 година.

Во вториот сад ќе бидат ставени сите останати екипи кои се натпреварувале во Супер женска лига Плеј аут во сезона 2024/2025 и новопријавените екипи учесници во сезона 2025/26.

Помеѓу сад 1 и сад 2 каде што ќе бидат сместени имињата на екипите ќе биде сместен сад 3 каде што ќе има сместено два броја 1 и 2 (имињата на екипите и бројките ќе бидат ставени во топчиња). Прво се влече екипа од првиот сад, потоа бројка од садот во средина а потоа екипа од вториот сад и така се добива првиот пар.

Екипата со помала извлечена бројка ќе биде домаќин на натпреварот. Истата постапка се применува за сите 6 парови за елиминационото коло.

Победниците од елиминационите натпревари ќе се пласираат во следната фаза.

Во четвртфиналето учествуваат 6 екипи победници во елиминациите и екипите Ѓорче Петров ЖРК и ЖРК Чаир Скопје.

Во четвртфиналет ќе учестуваат 8 екипи и извлекувањето за елиминационото коло ќе се изведе на следниот начин:

Во првиот сад ќе бидат ставени екипите рангирани од 1-4 место од Супер женска лига Плеј оф согласно пласманот во сезона 2024/2025.

Во вториот сад ќе бидат ставени сите останати екипи кои се натпреварувале во сезона 2024/2025 (и ново пријаветните).

Помеѓу сад 1 и сад 2 каде што ќе бидат сместени имињата на екипите ќе биде сместен сад 3 каде што ќе има сместено два броја 1 и 2 (имињата на екипите и бројките ќе бидат ставени во топчиња). Прво се влече екипа од првиот сад, потоа бројка од садот во средина а потоа екипа од вториот сад и така се добива првиот пар.

Победниците од четвртфиналните парови ќе се пласираат на Ф4.

Извлекувањето на полуфиналните двојки ќе изведе на следниот начин: Во сад 1 ќе се стават 4 екипи победници во четвртфиналето а во сад 2 ќе се стават бројки од 1 до 4. Прво ќе се влече од сад 1 екипа а потоа од сад 2 бројка и согласно Бергер систем (1 / 4 и 2 / 3) ќе се добијат полуфинални парови.

Победниците на полуфиналните натпревари ќе играат финале на КУП на Македонија.

Организатор на Ф4 турнирот е Ракометна Федерација на Македонија.

**Член 5**

Екипите пред натпреварот во записникот може да внесат најмногу 16 ракометари/ки, а минимум 12 ракометари во Куп натпреварувањето во машка конкуренција, односно минимум 10 ракометарки во Куп натпреварувањето во женска конкуренција.

Во Куп натпреварувањето за сезона 2025/26 бројот на странски ракометари кои може да настапат на натпревар е 9 (девет) во машка конкуренција, а во женска конкуренција е 8 (осум).

**Член 6**

Победникот на Купот и шампионот во супер лига мажи за сезона 2024/2025 ќе играат Супер куп. Во случај да победник на Купот и шампион на супер лига мажи е иста екипа, тогаш во Супер купот ќе играат шампионот во супер лига мажи и финалистот на Купот.

**Член 7**

Трошоците за организација на натпреварите ги подмирува екипата домаќин.

Ако има организатор на група, тој ги подмирува трошоците за целокупната организација на 3 натпревари и тоа:

- Обезбедување на спортска сала за организација на натпревари
- Трошоци за организација на натпреварите

- Трошоци за такси за службени лица на натпреварите

Екипите сами ги подмируваат трошоците за организација на хотелско сместување и нивните патни трошоци.

Организаторите на групи се должни да достават јасна пријава за организација на натпреварите со детално образложени на условите кои ги нудат.

**Член 8**

На сите натпревари од Куп натпреварувањето во машка и женска конкуренција се води записник (Toma Soft), а клубот домаќин/организаторот на група е обврзан да има Live Stream од натпреварите.

**Член 9**

Во случај да натпревар од Куп натпреварувањето заврши со нерешен резултат, победникот се добива директно со изведување на седмерци.

Седмерците се изведуваат на начин опишан во правилата на ракометна игра (ИХФ), правило 2 (коментар).

**Член 10**

За спроведување на Куп Пропозициите важат одредбите односно актите на Регистрациониот правилник, Дисциплинскиот правилник, Правилата на ракометна игра, Правилник за организација, учество и спроведување на ракометни натпревари, Пропозиции за сезона 2025/2026 на РФМ, Нормативните акти на РФМ како и Законот за спорт и позитивните законски прописи.

Натпреварувачка комисија